Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 25 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по музичко образование за VIII (осмо) одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## VIII (осмо) одделение

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Музичко образование |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Година на изучување** | VIII (осмо одделение) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1/36 |
| **Наставни теми на наставната програма** | • **ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ** (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење)<br>• **СЛУШАЊЕ МУЗИКА**<br>• **МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ**<br>• **НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО – Народни ора**<br><br>НАПОМЕНА: Наставниците секогаш можат да направат свој избор на песни и композиции за пеење и слушање музика користејќи ја предлог - листата дадена во наставната програма. |

## ВОВЕД

Музиката како интегрален и исклучително важен дел на човековата култура и живот зазема значајно место во воспитанието и образованието. Музичкото образование е задолжителен предмет за учениците од I до IX одделение и застапен е со 2 часа од I до V одделение и 1 час од VI до IX одделение.

Целта на наставата по музичко образование е учениците да развиваат љубов кон музиката, да се запознаат со суштинските карактеристики на музиката преку личното искуство за да можат да ги разберат и доживеат музичките дела и да учествуваат во музичкиот живот во училиштето и надвор од него.

За да се оствари целта на наставата учениците ќе учествуваат во различни активности: пеење, свирење, запознавање со народното творештво, слушање музика од домашни и странски автори, како и музика од сите народи кои живеат во нашата држава. Преку запознавањето на домашната и светската музичка култура, како и народното музичко творештво на својот народ и народите кои живеат во нашата држава, и преку практичното музицирање учениците ќе ги збогатат своите искуства и знаења и ќе ги развијат своите музички способности. Поттикнувањето на креативноста на учениците е многу важен сегмент во наставата и затоа треба да им се овозможува да учествуваат во музичките активности во одделението и училиштето, а надарените ученици да учествуваат во училишните музички ансамбли (хор, оркестар и др.).

Наставниот предмет музичко образование има надворешна интеграција со другите наставни предмети: ликовно образование, мајчин јазик, математика и др. Значајно место треба да има и примената на ИКТ во наставата по музичко образование која овозможува на интересен и апликативен начин учениците да стекнат нови сознанија и вештини.

Во вториот развоен период музичкото образование продолжува да го остварува своето комплексно делување врз развојот на детската личност, поттикнувајќи ги емоциите и интелектуалната активност, стекнување естетски чувства и позитивни морални особини, креативност и самостојност, самодоверба и свесност за својата вредност, ослободувајќи ги учениците од стрес и напнатост.

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го утврди опсегот на гласот а мало – d2;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина на македонски јазик и јазиците на народите кои живет во нашата земја;
- да ги запознава музичките инструменти и инструментални состави во инструментални и вокално-инструментални музички дела;
- да разликува групи на инструменти и инструментални состави;
- да се запознае со формата симфонија;
- да ја усвојува скалата G-dur (теоретски и по слух);
- да ја усвојува скалата e-moll / природен, хармонски и мелодиски вид (теоретски и по слух);
- да пее и свири ритмички и мелодиски вежби со шеснаестина нота и пауза во рамноделни и нерамноделни 5/8 и 7/8 такт;
- да го применува нотното писмо во музичко-изведбените активности;
- да ги запознава народните ора на македонскиот народ и на народите кои живеат во нашата држава;
- да се поттикнува на сопствено музичко изразување;
- да користи ИКТ за креативни активности, презентации, запознавање со музичката писменост и др.

| | **ТЕМА 1. ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (10 часа)**<br>(пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-објаснува за содржината на песната и дискутира за карактерот на песната;<br><br>-пее песни по слух и ноти и различни по карактер и содржина;<br><br>-применува правилна вокална интерпретација. | **Обработка на популарни, уметнички, народни песни со опсег а мало - d2 по слух и со примена на нотен запис** | **Активности**<br>**Пеење песни по слух:**<br>**-**демонстрирање на песната од страна на наставникот.<br>-изговарање на литературниот текст и дискусија за содржината, непознати зборови, карактер и др.;<br>-распејување со неутрален слог;<br>-пеење по фрази, реченици и строфи (наставник-ученици);<br>-пеење цела песна индивидуално, во групи и сл. со уметнички израз.<br><br>**Пеење со примена на нотен запис:**<br>-читање и дискусија за литературниот текст (содржина, непознати зборови, карактер);<br>-појаснување на нотниот запис;<br>-изведување парлато (ритмичко читање на нотен текст);<br>-пеење на неутрален слог;<br>-пеење со солмизација заедно со наставникот;<br>-пеење со комбинирање на солмизацијата и неутралниот слог;<br>-пеење со текст со уметнички израз. | **Ученикот/ученичката:**<br>**По слух:**<br>1.1.пее песна на неутрален слог<br><br>1.2.пее цела песна во група со литературен текст<br><br>1.3.пее цела песна во група, со уметнички израз<br><br>**По нотен запис:**<br>1.1.1.објаснува нотен запис (знаци за тактот, траењата на тоновите, имињата на тоновите и др.)<br><br>1.1.2.изведува парлато ритмичко читање на нотен текст)<br><br>1.1.3.пее по нотен запис со солмизација, неутрален слог и текст во одреден ритам и интонација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Примери за сите јазици:**<br>-„**Yesterday**“ (на англиски или на јазикот на кој се изведува наставата)<br>**-Канон „Часовник“** (по ноти, на сите јазици)<br>- **празникот 11 Октомври (мак. јаз.)**<br><br>**<u>Македонски песни</u>**<br>**„Роза сина“**<br>**„Мајка на Марика думаше“**(7/8 такт)<br><br>**<u>Албански песни</u>**<br>**„E duam lumturinë“/**„Ја сакаме среќата“<br>**„Kur e përcolla Ylberin“/**„Кога го испратив Илбер“ (7/8 такт)<br><br>**<u>Турски песни</u>**<br>**„Kara Sevda“/**„Црна севда“ - Barış Manço (по слух)<br>**„Kalk Gelin hanım’’/**„Стани млада невесто“ 7/8<br><br>**<u>Ромски песни</u>**<br>**„Oj borije lele tu šuzije“/„Ој невесто убава“**<br><br>**<u>Српски песни</u>**<br>**„Инструменти“/**„Инструменти“(по слух)<br>**„Ајде Јано“/**,,Ајде Јано’’ (по ноти) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | <u>**Влашки песни**</u><br>**„Isuseame dado“/„**Ожени ме мајко“ (по слух)<br>**„Tsi nj - vidzui lea dado“/**„Што видов мајко“ (по ноти)<br><u>**Босански песни**</u><br>**„Volelo se dvoje mladih“** (народна)<br><br>**Напомена:** пред да се обработува песната (по слух или со примена на нотен запис) учениците треба да се распеат.<br>Во сите етапи на обработката на песната може да се пее колективно, индивидуално, во групи, со и без инструментална придружба.<br>За изведбените активности ученикот/ученичката се оценува според покажаната активност, а не според нивото на развиеноста на слухот, пејачкиот глас и моторичките способности. | |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br>-свири вежби (различни музички целини) во G-dur и e-moll;<br><br>- свири/пее ритмички и мелодиски вежби со нотни вредности и паузи вклучително шеснаестина нота и пауза во 2/4, 3/4, 4/4 такт и нерамноделните 5/8 и 7/8 такт. | **Изведба на вежби од различни музички целини во G-dur и e-moll со примена на нотни вредности вклучително шеснаестина нота и пауза во рамноделните и нерамноделните 5/8 и 7/8 такт** | **Активности**<br>-Свирење различни музички целини на детски музички инструменти по слух и ноти.<br>**-**Пеење и свирење ритмички и мелодиски вежби со нотни вредности и паузи вклучително шеснаестина нота и пауза во 2/4, 3/4, 4/4 такт и нерамноделни 5/8 и 7/8 такт.<br>-Музички игри, ребуси, крстозбори и сл. | **Ученикот/ученичката**:<br>2.1. свири/пее мотиви и фрази во одреден ритам и интонација по слух<br><br>2.2. свири/пее вежби во одреден ритам и интонација по слух<br><br>2.3. свири/пее мотиви и фрази со примена на детски музички инструменти во одреден ритам и со одредени тонови од а мало до |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Напомена:**<br>Во оваа содржина акцентот се става на свирењето. | d2 (опсегот за свирење според инструментот)<br><br>2.4. свири/пее вежби со примена на детски музички инструменти со нотни вредности и паузи вклучително шеснаестина нота и пауза во 2/4, 3/4, 4/4 такт и нерамноделни 5/8 и 7/8 такт |
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br>- употребува ритмички и мелодиски детски инструменти за свирење интервали и други елементи од музичката писменост;<br><br>- пее песни со зададена и самостојно креирана придружба на ритмички и мелодиски детски инструменти;<br><br>- решава и измислува музички ребуси, крстозбори и сл. | **Музичко изразување на учениците преку изучените елементи од музичкта писменост** | **Активности**<br>-Придружба на изучените песни со ритмички и мелодиски детски инструменти<br>-Творење на кратки едноставни мелодии<br>-Пеење и свирење кратки едноставни мелодии со примена на изучените содржини од музичката писменост со ритмички и мелодиски детски инструменти<br>-Музички игри, драматизации, решавање и измислување музички ребуси, крстозбори и сл.<br><br>**Напомена**<br>Во создавањето на сопствените музички целини, како и решавањето и измислувањето музички ребуси, крстозбори и сл. може да се користи ИКТ.<br>Наставните теми: Слушање музика, Музичка писменост и Народно творештво се интегрираат во Изведбени активности каде | **Ученикот/ученичката:**<br>3.1. свири песни на ритмички и мелодиски детски инструменти<br><br>3.2.запишува едноставни мелодии според зададените упатства со примена на знаења од музичката писменост<br><br>3.3. пее/ свири кратки едноставни мелодии со примена на содржините од музичката писменост со ритмички и мелодиски детски инструменти<br><br>3.4. користи елементи од музичката писменост за решавање и измислување ребуси, крстозбори и сл. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | наставникот има можност да го приспособува/варира вкупниот број на часовите според афинитетите, способностите, интересот и потребите на учениците.<br>**Методи:**<br>• демонстративен;<br>• практична работа;<br>• дијалошки или метод на разговор;<br>• творечка работа. | |

| | **ТЕМА 2. СЛУШАЊЕ МУЗИКА ( 16 часа )** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-препознава музички инструменти (визуелно и по слух);<br><br>- објаснува за начинот на призведување на тон кај видовите музички инструменти;<br><br>- споредува видови музички инструменти според формата и градбата и начинот на произведување на тон. | **Музички инструменти - основна поделба**<br><br>Жичени инструменти<br>Дувачки инструменти<br>Ударни инструменти<br>Инструменти со клавијатура<br><br>**„Водич низ оркестарот за младиот човек ”** – Б. Бритн (Напомена: фрагментите од делото може да се слушаат и како примери за поединечни инструменти и групи) | **Активности**<br><br>Претставување (визуелно и слушно) на основната поделба на инструментите.<br><br>Објаснување за начинот на произведување тон кај видовите музички инструменти.<br><br>Набројување на музички инструменти и нивно класифицирање во групите (визуелно).<br><br>Дискусија за бојата на звукот на инструментите.<br>Воочување на инструменти. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>1.1. набројува музички инструменти<br><br>1.2. дефинира видови музички инструменти според начинот на произведување на тонот<br><br>1.3. класифицира инструменти според поделбата на жичени, дувачки, ударни и инструменти со клавијатура (визуелно)<br><br>1.4. разликува видови инструменти според формата, градбата и начинот на добивање на тонот (визуелно и по слух) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>- жичени инструменти<br>- дувачки инструменти<br>- ударни инструменти<br>- инструменти со клавијатура | Одредување на групата на инструменти (според начинот на добивање на тонот) со користење на графички организатори.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за инструменти. | |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br>-препознава жичени инструменти (визуелно и по слух);<br><br>- објаснува за поделбата на жичаните инструменти според начинот на производување на тонот;<br><br>- споредува трзачки и гудачки инструменти според формата, градбата и начинот на производување на тонот. | **Поделба на жичените инструменти**<br><br>Трзачки инструменти<br>Гудачки инструменти<br><br>„**Мала ноќна музика“, I став**<br>(оригинал за гудачки оркестар) – В. А. Моцарт<br><br>- **„Мала ноќна музика“, I став**<br>(аранжман за трзачки инструменти-Рамадан Шукри) – В. А. Моцарт<br><br>**Поими:**<br>- трзачки инструменти<br>- трзалка (плектрум)<br>- гудачки инструменти<br>- гудало | **Активности**<br>Претставување на поделбата на жичените инструменти.<br><br>Објаснување на основните карактеристики на жичените инструменти.<br><br>Воочување на трзачки и гудачки инструменти.<br><br>Споредување на инструментите од групите според начинот на добивање на тонот.<br><br>Споредување на едно исто дело во изведба на гудачки и трзачки инструменти.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за жичаните инструменти. | **Ученикот/ученичката:**<br>2.1.набројува жичани инструменти<br><br>2.2. дефинира групи на жичените инструменти според начинот на производување на тонот<br><br>2.3. класифицира жичени инструменти според поделбата на трзачки и гудачки (визуелно)<br><br>2.4. разликува трзачки и гудачки инструменти според формата, градбата и начинот на произведуање на тонот (визуелно и по слух) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава трзачки инструменти (визуелно и по слух);<br><br>- опишува трзачки инструменти според формата и градбата;<br><br>- објаснува за начинот на произведување на тон кај трзачките инструменти. | **Жичани инструменти – трзачки:**<br><br>Мандолина<br>Гитара<br>Харфа<br><br>**Концерт за мандолина во C-dur** (мандолина) - А. Вивалди<br><br>**„Калајџиско оро“** (гитара) – Влатко Стефановски и Мирослав Тадиќ<br><br>**„Приспивна за реката“** (гитара) – Христо Христоски-Мулар<br><br>**Impromptu-Caprice op.9** (харфа) – Г. Пиерне<br><br>**Поими:**<br>- мандолина<br>- гитара<br>- харфа | **Активности**<br><br>Објаснување за основните карактеристики на трзачките инструменти.<br><br>Аудио-визуелна презентација (кратки видеа) за секој инструмент.<br><br>Разговор за формата и начинот на свирење на секој инструмент.<br><br>Споредување на инструментите од групата според начинот на добивање на тонот.<br><br>Воочување на сличности и разлики помеѓу трзачките инструменти.<br><br>Разговор за познати инструменталисти на трзачки инструменти. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>3.1. набројува трзачки инструменти<br><br>3.2. дефинира општи карактеристики на трзачките инструменти (форма, материјал од кои се изработени, начин на свирење)<br><br>3.3. споредува трзачки инструменти според формата и градбата<br><br>3.4.разликува трзачки инструменти според формата, градбата и начинот на произведување на тонот (визуелно и по слух) |
| **4.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава гудачки инструменти (визуелно и по сух);<br><br>- опишува гудачки инструменти според формата, градбата и големината; | **Жичани инструменти – гудачки:**<br>Виолина<br>Виола<br>Виолончело<br>Контрабас<br><br>**Каприс во a-moll оп.1 бр.24** (виолина) – Н. Паганини | **Активности**<br><br>Објаснување за основните карактеристики на гудачките инструменти.<br><br>Аудио-визуелна презентација (кратки видеа) за секој инструмент. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>4.1. набројува гудачки инструменти<br><br>4.2. дефинира општи карактеристики на гудачките инструменти (форма, материјал од кој се изработени, начин на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - објаснува за начинот на произведување на тон кај гудачките инструменти. | **Соната за виола и пијано Allegro Moderato** (виола) – М. Глинка<br><br>**Концерт во d-moll за виолончело и оркстар** (виолончло) – К. Сен-Санс<br><br>**Поими:**<br>- виолина<br>- виола<br>- виолончело<br>- контрабас | Дискусија за формата и начинот на свирење на секој инструмент.<br><br>Споредување на инструментите од групата според начинот на добивање на тонот.<br><br>Воочување на сличности и разлики помеѓу гудачките инструменти.<br><br>Разговор за познати инструменталисти на гудачки инструменти. | свирење)<br><br>4.3. споредува гудачки инструменти според формата, градбата и големината<br><br>4.4. разликува гудачки инструменти (визуелно и по слух) |
| **5.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава дувачки инструменти (визуелно и по слух);<br><br>- објаснува за поделбата на дувачките инструменти според начинот на произведување на тонот;<br><br>- споредува дрвени и лимени дувачки инструменти според формата, градбата и начинот на произведување на тонот. | **Поделба на дувачки инструменти**<br>- Дрвени<br>- Лимени<br><br>**Симфонија бр. 6 „Пасторална"**<br>- Л.В. Бетовен<br>https://www.youtube.com/watch?v=X2DzEZv3pIo<br><br>**Поими:**<br>- дрвени дувачки инструменти<br>- лимени дувачки инструменти | **Активности**<br><br>Претставување на поделбата на дувачките инструменти.<br><br>Објаснување на основните карактеристики на дувачките инструменти.<br><br>Воочување на дрвени и лимени инструменти.<br><br>Споредување на инструментите од групите според начинот на добивање на тонот.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за дувачките инструменти. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>5.1. набројува дувачки инструменти<br><br>5.2. дефинира групи на дувачки инструменти според начинот на произведување на тонот<br><br>5.3. класифицира дувачки инструменти според поделбата на дрвени и лимени (визуелно)<br><br>5.4.разликува дрвени и лимени дувачки инструменти според формата, градбата и начинот на произведување на тонот (визуелно и слушно). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Ученикот/ученичката:**<br>- препознава дрвени дувачки инструменти флејта и пиколо (визуелно и по слух);<br><br>- опишува дрвени дувачки инструменти флејта и пиколо според формата, градбата и материјалот;<br><br>- објаснува за начинот на произведување на тон кај дрвени дувачки инструменти флејта и пиколо. | **Дрвени дувачки инструменти**<br>Флејта<br>Пиколо<br><br>**„Syrinx”** соло (флејта) - К. Дебиси<br><br>**Суита во h-moll VII став „Badinerie”** (флејта) – Ј. С. Бах<br><br>**„Маршот на децата”** од операта „Кармен“ (пиколо) – Ж. Бизе<br><br>**Поими:**<br>- флејта<br>- пиколо | **Активности**<br>Објаснување на основните карактеристки на флејта и пиколо.<br><br>Аудио-визуелна презентација на секој инструмент.<br><br>Дискусија за формата и начинот на свирење на секој инструмент.<br><br>Споредување на флејта и пиколо според големината, опсегот, карактерот на звук.<br><br>Воочување на сличности и разлики помеѓу флејта и пиколо.<br><br>Разговор за познати инструменталисти на флејта | **Ученикот/ученичката:**<br>6.1. набројува дрвени дувачки инструменти флејта и пиколо<br><br>6.2. дефинира општи карактеристики на дрвените дувачки инструменти флејта и пиколо (форма, материјал од кои се изработени, начин на свирење)<br><br>6.3. споредува дрвени дувачки инструменти флејта и пиколо според формата и градбата<br><br>6.4.разликува дрвени дувачки инструменти флејта и пиколо според формата, градбата и звукот (визуелно и по слух) |
| **7.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава кларинет, бас кларинет и саксофон (визуелно и по слух);<br><br>- опишува кларинет, бас кларинет и саксофон според формата, градбата и материјалот;<br><br>- објаснува за начинот на произведување на тон кај кларинет, бас кларинет и саксофон. | **Дрвени дувачки инструменти**<br>Кларинет<br>Бас кларинет<br>Саксофон<br><br>**„Рапсодија во сино”** (кларинет) – Џ. Гершвин<br><br>**„Болеро”** (саксофон) – М. Равел<br><br>**Тема од „Пинк Пантер“** (саксофон) – Х. Манчини | **Активности**<br><br>Објаснување на основните карактеристки на кларинет, бас кларинет и саксофон.<br><br>Аудио-визуелна презентација на секој инструмент.<br><br>Дискусија за формата и начинот на свирење на секој инструмент.<br><br>Споредување на инструментите од групата според начинот на добивање на тонот. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>7.1. набројува дрвени дувачки инструменти кларинет, бас кларинет и саксофон<br><br>7.2. дефинира општи карактеристики на кларинет, бас кларинет и саксофон (форма, материјал од кој се изработени, начин на свирење)<br><br>7.3. споредува кларинет, бас кларинет и саксофон според формата и градбата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>- кларинет<br>- бас кларинет<br>- саксофон | Воочување на сличности и разлики помеѓу кларинет, бас кларинет и саксофон.<br><br>Разговор за познати инструменталисти на кларинет и саксофон. | 7.4. разликува кларинет, бас кларинет и саксофон според формата, градбата и звукот (визуелно и по слух) |
| **8.** | **Ученикот/ученичката:**<br>- препознава обоа, англиски рог, фагот и контрафагот (визуелно и по сух);<br><br>- опишува обоа, англиски рог, фагот и контрафагот според формата и градбата;<br><br>- објаснува за начинот на произведување на тон кај обоа, англиски рог, фагот и контрафагот. | **Дрвени дувачки инструменти**<br>Обоа<br>Англиски рог<br>Фагот<br>Контрафагот<br><br>**„Лебедово езеро”** II чин – почеток (обоа)<br>- П. И. Чајковски<br><br>**IX симфонија во e-moll**, II став (англиски рог)<br>- А. Дворжак<br><br>**„Посветување на пролетта”** – почеток (фагот)<br>- И. Стравински<br><br>**Поими:**<br>- обоа<br>- англиски рог<br>- фагот<br>- контрафагот | **Активности**<br>Објаснување на основните карактеристки на обоа, англиски рог, фагот и контрафагот.<br><br>Аудио-визуелна презентација на секој инструмент.<br><br>Разговор за формата и начинот на свирење на секој инструмент.<br><br>Споредување на инструментите од групата според начинот на добивање на тонот.<br><br>Воочување на сличности и разлики помеѓу обоа, англиски рог, фагот и контрафагот.<br><br>Разговор за познати инструменталисти на обоа, англиски рог, фагот и контрафагот. | **Ученикот/ученичката:**<br>8.1. набројува дрвени дувачки инструменти обоа, англиски рог, фагот и контрафагот<br><br>8.2. дефинира општи карактеристики на обоа, англиски рог, фагот и контрафагот (форма, материјал од кои се изработени, начин на свирење)<br><br>8.3. споредува обоа, англиски рог, фагот и контрафагот според формата и градбата<br><br>8.4. разликува обоа, англиски рог, фагот и контрафагот според формата, градбата и звукот (визуелно и по слух) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава лимени дувачки инструменти (визуелно и по слух);<br><br>- опишува лимени дувачки инструменти според формата и градбата;<br><br>- објаснува за начинот на произведување на тон кај лимените дувачки инструменти. | **Дувачки инструменти – лимени**<br><br>Труба<br>Тромбон<br>Хорна<br>Туба<br><br>**Концерт во Es-dur** (труба) – Ј. Хајдн<br><br>**„Чардаш”** (Кирил Рибарски – тромбон) – Монте<br><br>**Концерт за хорна и оркестар во Es-dur** (хорна) – В. А. Моцарт<br><br>**„Петрушка”** 4 слика: „Селанинот со мечката“ (туба) – И. Стравински<br>**Поими:**<br>- труба<br>- тромбон<br>- хорна<br>- туба | **Активности**<br>Објаснување на основните карактеристки на лимените дувачки инструменти.<br><br>Аудио-визуелна презентација на секој инструмент.<br><br>Разговор за формата и начинот на свирење на секој инструмент.<br><br>Споредување на инструментите од групата според начинот на добивање на звукот.<br><br>Воочување на сличности и разлики помеѓу лимените дувачки инструменти.<br><br>Разговор за познати инструменталисти на лимени инструменти. | **Ученикот/ученичката:**<br>9.1. набројува лимени дувачки инструменти<br>9.2. дефинира општи карактеристики на лимените дувачки инструменти (форма, материјал од кои се изработени, начин на свирење)<br>9.3. споредува лимени дувачки инструменти според формата и градбата<br>9.4. разликува труба, тромбон, хорна и туба според формата, градбата и начинот на произведување на тонот (визуелно и по слух) |
| **10.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-препознава ударни инструменти (визуелно и по слух);<br><br>- објаснува за поделбата на ударните инструменти според начин на произведување на тон/звук;<br><br>-споредува мелодиски и ритмички | **Поделба на ударни инструменти:**<br>**Определена тонска висина (мелодиски)**<br>**Неопределена тонска висина (ритмички)**<br><br>**„Азбуки”** за хор, пијано и ударни инструменти – Р. Аврамовски<br>https://www.youtube.com/watch?v=azgacsYA4g8 | **Активности**<br>Запишување на поделбата на ударните инструменти.<br><br>Објаснување на основните карактеристики на ударните инструменти.<br>Воочување на мелодиски и ритмички ударни инструменти.<br><br>Споредување на инструментите од | **Ученикот/ученичката:**<br>10.1. набројува ударни инструменти<br><br>10.2. дефинира групи на ударните инструменти според начинот на произведување на тон/звук<br><br>10.3. класифицира ударни инструменти според поделбата на мелодиски и ритмички (визуелно) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ударни инструменти според формата, градбата и начинот на произведување на тон/звук. | **„Симфонија за удиралки“**-<br>Е.Евазен<br>https://www.youtube.com/watch?v=eHqAgKN5wGc<br><br>**Поими:**<br>- ударни инструменти со определена тонска висина<br>-ударни инструменти со неопределена тонска висина | групите според начинот на добивање на тон/звук.<br><br>Давање насоки и ресурси за самостојно барање податоци за ударните инструменти. | 10.4. разликува мелодиски и ритмички инструменти според формата, градбата и начинот на произведуање на тонот/звукот (визуелно и слушно). |
| **11.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава ударни инструменти со определена висина на тонот (визуелно и по слух);<br><br>-опишува ударни инструменти со определена висина на тонот според формата и градбата;<br><br>-објаснува за начинот на произведување на тон кај ударните инструменти со определена висина на тонот. | **Ударни инструменти со определена тонска висина (мелодиски):**<br>Тимпани<br>Вибрафон<br>Камбани<br>Ксилофон<br>Ѕвончиња<br><br>**„Така зборуваше Заратруста”** (тимпани) – Р. Штраус<br><br>**Концерт за вибрафон и оркестар** (вибрафон)<br>- И. Кулјерич<br><br>**Свечена увертира „ 1812 година”, оп.49 – завршеток** (камбани)<br>- П. И. Чајковски | **Активности**<br><br>Објаснување на основните карактеристки на ударните инструменти со определена тонска висина.<br><br>Аудио-визуелна презентација на секој инструмент.<br><br>Дискусија за формата и начинот на свирење на секој инструмент.<br><br>Споредување на инструментите од групата според начинот на добивање на тонот.<br><br>Воочување на сличности и разлики помеѓу ударните инструменти со определена тонска висина инструменти. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>11.1. набројува ударни инструменти со определена тонска висина<br><br>11.2. дефинира општи карактеристики на ударни инструменти со определена тонска висина (форма, материјал од кој се изработени, начин на свирење)<br><br>11.3. споредува ударни инструменти со определена тонска висина според формата и градбата<br><br>11.4. разликува тимпани, вибрафон, камбани, ксилофон и ѕвончиња според формата, градбата и начинот на произведување на тонот (визуелно и по слух) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **„Фосили“ од „Карневал на животните“** (ксилофон) – К. Сен-Санс<br>**„Волшебната флејта”** (фрагмент со ѕвончиња) – В. А. Моцарт<br><br>**Поими:**<br>- тимпани<br>- вибрафон<br>- камбани<br>- ксилофон<br>- ѕвончиња | Разговор за познати инструменталисти на ударни инструменти. | |
| **12.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава ударни инструменти со неопределена висина на тонот (визуелно и по слух);<br><br>- опишува ударни инструменти со неопределена висина на тонот според формата и градбата;<br><br>- објаснува за начинот на произведување на звук кај ударните инструменти со неопределена висина на тонот. | **Ударни инструменти со неопределена тонска висина (ритмички):**<br>Чинели<br>Голем тапан<br>Мал тапан<br>Дајре<br>Гонг<br>Кастанети<br>Маракас<br>Триангл<br><br>**„Водич низ оркестарот за младиот човек”** – Б. Бритн<br><br>**„Македонска ритмика“**- соло за тапани од Гаро Тавитјан | **Активности**<br>Објаснување на основните карактеристки на ударните инструменти со неопределена тонска висина.<br><br>Аудио-визуелна презентација на секој инструмент.<br><br>Дискусија за формата и начинот на произведување на звук на секој инструмент.<br><br>Споредување на инструментите од групата според бојата на звукот.<br><br>Воочување на сличности и разлики помеѓу ударните инструменти со неопределена тонска висина. | **Ученикот/ученичката:**<br>12.1. набројува ударни инструменти со неопределена тонска висина<br>12.2. дефинира општи карактеристики на ударни инструменти со неопределена тонска висина (форма, материјал од кој се изработени, начин на проиведување звук)<br>12.3. споредува ударни инструменти со неопределена тонска висина според формата и градбата<br>12.4. разликува инструменти со неопределена тонска висина според формата, градбата и начинот на произведување на звук (визуелно и по слух) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>- чинели<br>- голем тапан<br>- мал тапан<br>- дајре<br>- гонг<br>- кастанети<br>- маракас<br>- триангл | | |
| **13.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава инструменти со клавијатура (визуелно и по слух);<br><br>- објаснува за инструментите со клавијатура според начинот на произведување на тонот;<br><br>- споредува инструменти со клавијатура според формата, градбата и начинот на произведување на тонот. | **Инструменти со клавијатура:**<br>пијано<br>пијанино<br>чембало<br>хармоника<br>оргули<br>**Концерт за клавир и оркестар бр.2, F-dur** – Ф. Шопен:<br>https://www.youtube.com/watch?v=1AwcfBKdwM0<br><br>**Тема од „Голберг варијации”** (чембало) - Ј. С. Бах<br><br>**Концерт во b-moll** (пијано)<br>- П. И. Чајковски<br><br>**Токата и фуга во d-moll** (оргули)<br>- Ј. С. Бах<br><br>**„Либертанго”** (хармоника)<br>- Астор Пјацола | **Активности**<br>Претставување на поделбата на инструментите со клавијатура.<br><br>Објаснување на основните карактеристики на инструментите со клавијатура.<br><br>Воочување на начинот на произведување тон и споредување на инструменти со клавијатура.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за инструменти со клавијатура.<br><br>Разговор за познати изведувачи на инструменти со клавијатура. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>13.1.набројува инструменти со клавијатура<br><br>13.2. дефинира групи на инструменти со клавијатура според начинот на произведување на тонот<br><br>13.3. класифицира инструменти со клавијатура според поделбата на жичени и дувачки (визуелно)<br><br>13.4. разликува жичени и дувачки инструменти со кавијатура според формата, градбата и начинот на произведуање на тонот (визуелно и по слух). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | https://www.youtube.com/watch?v=elYSQkTWfTw<br>**Поими:**<br>- пијано<br>- пијанино<br>- чембало<br>- хармоника<br>- оргули | | |
| **14.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-објаснува за симфониски оркестар, диригент и карактеристики на симфонија – ставови, промена на темпо;<br><br>- дискутира за карактерот во слушаните симфонии;<br><br>- воочува симфонии според видот на изведбата. | **Симфонија**<br><br>**- Симфонија** во g-moll бр.40, KV 550 (фрагменти од сите ставови) – В.А. Моцарт<br><br>**- V симфонија** во c-moll, оп.67, I став Allegro con brio (фрагменти) - Л. В. Бетовен<br><br>**- IX симфонија** – финале, „Ода на радоста" (фрагмент со хор) - Л. В. Бетовен<br><br>**Поими:**<br>- симфонија<br>- симфониски оркестар<br>- филхармонија | **Активности**<br>Објаснување на карактеристиките на симфонија – ставови, оркестар, инструменти.<br><br>Визуелна презентација со распоредот на инструментите застапени во оркестарот и дискусија за улогата на диригентот.<br><br>Дискусија за Симфонијата бр. 40: вид на изведба, карактер на ставовите (со акцент на темпото).<br><br>Дискусија за употребата на текстот и гласовите како специфика на 9-та симфонија.<br><br>Дискусија (презентација) на изведувачки институции – Македонска филхармонија.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за симфонии, композитори, изведувачки институции. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>14.1. набројува композитори кои пишувале симфонии<br><br>14.2. дефинира основни карактеристики на симфонија- ставови, промена на темпо<br><br>14.3. разликува по слух ставови на симфонијата (брз, бавен)<br><br>14.4. споредува симфонии според карактерот и видот на изведба (по слух) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Методи:**<br>▪ монолошки;<br>▪ дијалошки или метод на разговор;<br>▪ практична работа;<br>▪ презентации со примена на ИКТ. | |

